**Известување за концентрација со која ИГА Холдинг А.Ш., Истанбул, Турција, и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш., Истанбул, Турција имаат намера да основаат Друштво**

**(предмет бр. 08-102/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.06.2026 година, а дополнето на 25.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ИГА Холдинг А.Ш. (İGA Holding A.Ş.), со регистрирано седиште на Тајакадин Мах. Терминал Џад. Хавалимани Терминал Бинаси бр. 1, Иџ Капи бр. 760494 Арнавуткој, Истанбул, Турција, и Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш. (Unifree Duty Free İşletmeciliği A.Ş.), со регистрирано седиште на Бујукдере Џад. Бенгун Хан бр. 107/8 Шишли, Истанбул, Турција, имат намера да основаат Друштво во кое акции што претставуваат 50% од основната главнина (и гласачките права) ќе бидат запишани на ИГА Холдинг А.Ш., а другите 50% на Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ИГА Холдинг А.Ш.** врши холдинг активности преку поседување удели/акции во своите зависни друштва што работат на Аеродромот Истанбул, вклучително и во субјектот кој е оператор на Аеродромот Истанбул.

ИГА Холдинг А.Ш. и акционерите на ИГА Холдинг А.Ш. немаат регистрирано присуство во Северна Македонија и немале какви било активности во Северна Македонија во 2025 година.

**Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш**., заедно со своите зависни друштва и заеднички вложувања, врши дејности на бесцаринска (*duty-free*) продажба и продажба на мало со повластени цени за патници (*travel value retail activities*) ширум светот.

Унифрее Дути Фрее Ишлетмеџилиги А.Ш. има индиректно регистрирано присуство во Северна Македонија преку АТУ Македонија ДООЕЛ Мралино Илинден, со регистрирано седиште на Босфор, бр. 1, Мралино, Илинден („АТУ Македонија"), кое е зависно друштво на АТУ ТУРИЗМ ИШЛЕТМЕЏИЛИГИ А.Ш. (ATÜ TURİZM İŞLETMECİLİĞİ A.Ş.), Турција - заедничко вложување под заедничка контрола на Унифрее (заедно со ГХ) и ТАВ Аеродроми Холдинг.

Во ова својство, АТУ Македонија постапува како малопродажен оператор на бесцаринските комерцијални простори, обезбедувајќи директна продажба на потрошувачи на двата меѓународни аеродроми во земјата, Меѓународниот аеродром Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле" Охрид.

ГХ е семеен бизнис со седиште во Хамбург, кој управува со и снабдува бесцарински продавници и продавници со повластени цени за патници на аеродроми, како и на други транспортни центри, вклучително и пристаништа, бродови и гранични премини („Патнички

локации“) на светско ниво, вклучувајќи снабдување на големо на еден купувач во Северна Македонија.

По основањето, Друштвото ќе претставува целосно функционално заедничко вложување за управување со продавници за продажба на мало при патување лоцирани на Аеродромот Истанбул и за вршење дејности на продажба на мало при патување на други аеродроми.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира на два начина, доделување концесии за услуги на продажба на мало при патување на Патнички локации, и пазарот на услуги на продажба на мало при патување на Патнички локации.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.06.2026 година

Скопје